ОУ „Стив Наумов“- Битола

Самоевалуација на училиштето

Битола, април 2018 година

1.Подрачје : Наставни планови и програми

2.Подрачје : Постигнување на учениците

3.Подрачје : Учење и настава

4.Подрачје : Подршка на учениците

5.Подрачје : ЕТОС

6.Подрачје : Ресурси

7. Подрачје: Управување , раководење и креирање на политика

1. Подрачје: Наставни планови и програми

Во училиштето се применуваат наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од МОН и се реализираат во пропишаниот обем. Во наставните планови и програми сите наставници имаат содржини во кои се применети активности опфатени со компонентите од Еко проектот, ИКТ, Математика со размислување за одделенска настава. Во папките на секој наставник прегледно се вметнати годишните и тематските програми и планирања.

Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.

Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.

Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.

Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.

Оддели во рамките на подрачјето:

- **Организација на наставните планови и програми**
- **Квалитет на наставните планови и програми**
- **Вон-наставни активности**

Собирање на податоци	
	Реализација на наставните планови и програми Квалитет на наставните планови и програми
Наставни планови и програми од МОН и БРО Годишна програма на училиштето Глобални,тематски,неделни и дневни планирања на наставниците Стручни мареијали за операционализација на наставни планови и програми Календар за организација на учебна година од МОН Евидентен лист за увид на планирањата на наставата Педагошки картон за наставник Записници од стручни органи УО и Совет на родители Брошура и интернет страница на училиштето	Наставата се планира и реализира според програми за задолжителни и изборни предмети,по одделенија,според наставниот план за основно училиште. При запишувањето на детето во прво одделение родителите се запознаваат со принципите,целите,организацијата на наставата како и со потребната кнотинуирана соработка со училиштето заради успешно напредување на ученикот во наставно-воспитниот процес. Активната комуникација со родителите се поттикнува и поддржува преку овозможување на информираност и изнесување на сопствени мислења и ставови за наставните програми и нивната реализација на индивидуални и групни среќавања за прашања за кои мислат дека се важни за напредокот и постигањата на нивните деца За децата со посебни образовни потреби се настојув да се применуваат стратегии за прилагодувањ на образовниот процес согласно со утврдените способности и тешкотии на ученикот. Сите наставници од одделенска и предметна настава имаат изготвено глобални (тематски-процесни) планирања. Конткретните цели на часот се реализираат преку дневни оперативни планирања при што посебен акцент се става на активностите на учениците, очекуваните резултати, оценувањето во процесот на учење, согледувањата на наставникот по одржаниот час. Во училиштето се подржуваат наставниците да изготвуваат тековно аналитичко проценување на успешноста во остварувањето на наставните цели заради навремено и соодветно планирање на активности за нивно целосно реализирање. Наставниците континуирано добиваат насоки за подобрување на квалитетот на

Програма за работа на ученичка заедница Статут Програма за воспитните вредности на толерантноста Стратегии за прилагодување на образовниот процес кон учениците со посебни образовни потреби	планирањата кои често пати се поддржани со позитивни примери од наставната практика. Во зависност од своите интееси секој ученик може да изучува изборни предмети при што учениците и нивните родители со одделенскиот наставник, односно раководителот на паралелката прават избор на оние предмети кои стануваат дел од нивните училишни задолженија. За учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето и кои напредуваат побавно или заостануваат во усвојувањето на содржините се планираат дополнителни активности во зависност од причините и потребите на учениците врз основа на нивна претходна идентификација. За учениците кои во текот на редовната настава покажуваат надпросечни резултати се организира додатна настава врз основа на нивна предходна идентификација. Заради важноста на идентификувањето и избирањето на надарените ученици во училиштето континуирано се надоградува стратегија за идентификација и педагошко водење на надарени деца. Почитувајќи ги потребите и барањата на родителите во училиштето е организирана проширена програма: - продолжен престој за учениците од I – V одд. Каде учениците ги изговуваат домашните задачи, учествуваат во различни активности, се натпреваруваат, рекреираат и сл. - Планирани се ангажирања на наставници за прифаќање и испраќање на ученици од I – III одд. Чии родители имаат потреба од горе наведеното. Се настојува кај учениците да се изградуваат вредности за развивање на толеранција, почитување на различностите меѓу луѓето и на нивните права и одговорности, а исто така и вредностите за заедничко живеење со почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традицијата. Се интезивираат настојувањата за интегрирање на особеностите на локалната средина и вградување на меѓу предметните цели во реализацијата на наставните програми.

	Воннаставни активности
Годишна програма за работа на училиштето Програма за соработка со локалната средина Програма за воннаставни активности Дипломи Признанија Пофалници Записници Извештаи	Во училиштето се организираат следните воннаставни активности: слободни ученички активности, ученички натпревари, општествено корисна и хуманитарна работа, ученички екскурзии. За поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето активна е соработката со локалната средина. Во овие активности се вклучуваат ученици во зависност од нивните афинитети и интереси со настојување на рамноправна застапеност на половите. При вклучувањето на учениците во воннаставните активности се почитува нивниот сопствен избор. Учениците континуирано се поттикнуваат да учествуваат на разновидни натпревари. За афирмирање и информирање на постигнатите резултати се користат повеќе начини: рагзласна станица во училиштето, училишен весник, ученички катчиња, паноа, весници и списанија, ТВ медиуми и сл.

Интервјуа Дискусии Разговори	. Директор Наставници Стручна служба	Наставниците сметаат дека постои висок степен на тимска соработка при подготвка на планирањата со директорот и стручните соработници,а исто така и на ниво на одделенија во одд. Настава и предмети во предметна настава. Дел од наставниците (39%) сметаат дека е потребан поголема вклученост на наставниците и родителите при подготвката и планирањето на наставните програми во основното образование заради давање на сопствен придонес кон прилагодувањето на настаните програми на можностите на учениците. 86% од наставниците мислат дека се потребни базични програми за работа со деца со посебни образовни потреби вклучени во редовните паралелки заради поконкретен дифириндиран приод во планирањето на активностите со овие ученици.40% од наставниците сметаат дека е потребна континуирана подршка заради унапредување на активностите при работа со деца со тешкотии во учењето и емоционални проблеми. Поголемиот дел од наставниците ја поддржуваат важноста од потребата за интегрирани планирања според конкретизирани насоки за стручно доусовршување посебно во предметна настава.
Анкети Интервјуа	Стручни соработници Наставници Ученици од одд. И предметна настава	Од 75 анкетирани ученици од двата пола 68% сметаат дека им е многу интересно кога наставниците ги вклучуваат во планирањата на некои наставни единици во кои ќе се реализираат нови наставни содржини, 85% од учениците изнесуваат дека на почетокот на учебната годнина се запознаени со целите и содржините од наставните предмети, 46% од учениците имаат учествувано во подготовката на наставата со пронаоѓање на текстови и податоци за реализирање на поедини цели на часот, 21% им помагаат на наставниците во изработка на шеми, слики и сл., 38% во собирање и донесување на природни предмети, 15% во припремање и користење на наставни средства.
Анкети Интервјуа Дискусии Разговори	Родители Наставници Стручни соработници	Од анкетирани 72 родители на ученици од одд. и предметна настава 69% сметаат дека за време на празници и полугодишен распуст не се многу оптеретени со задолженија, 70% од родителите мислат дека учениците се прифатливо оптоварени со домашни задачи, 18% сметаат дека активностите во училиштето можат да бидат уште поинтересни. На родителите многу им е важно училиштето да им помага континуирано во подобрувањето на успехот на нивните деца, успешното изготвување на домашните задачи, однесувањето на учениците, организирањето на нивното слободно време.

Резултати:
Клучни јаки страни - Училиштето ги почитува барањата на одобрените наставни планови и програми како и насоките од МОН и БРО; - Постои стратегија за изготвување на планирањата на училишно ниво; - Родителите и учениците се информираат за наставните ппланови и прогрми; - Се унапредуваат сознанијата за квалитативни аспекти на планирањата заради давање еднакви можности на учениците во процесот на учење; - Се афирмираат постигањата на учениците.
Слабости - Потреба од тековно доусовршување на програмски активности за деца со посебни образовни Потреби; - Потреба од подетална насоченост на родителите за изнесување на поконкретни мислења за прашања за успешна реализација на наставните програми; - Потреба од почеста меѓусебна посета на часови меѓу наставниците за размена на позитивни искуства; - Потреба од унапредување на сознанијата за важноста на вклученоста на учениците во планирањето на воннаставните активности; - Потреба од поинтезивна соработка меѓу наставниците од предметна настава за изготвување на интегрирани планирања.

Анализа на резултатите:
Сите наставници имаат изготвено глобални и тематски,тематски процесни планирања усогласени со барањата од МОН и БРО и насоките кои се дадени на ниво на училиште. *При изработувањето на планирањата се одвива континуирана соработка меѓу наставниците ,стручните соработници и директорот. Посебен акцент е ставен на интезивирање на процесот на интегрирани планирања и почитување на насоките за меѓу предметните цели.* *Тековно се следат сознанијата и мислеањата на наставниците и родителите за наставните планови и програми заради воочување на потребите за изменување и дополнување на истите од аспект на сеобразување со можностите за успешна реализација од страна на учениците.* *Професионалниот развој на наставниците континуирано е насочуван кон примени на активни методи во наставата и*

прилагодување на планирањата кон ученикот како индивидуа.
Подршката од учениците и родителите за поуспешно планирање е важен фактор во унапредување на наставниот процес.
Се настојува учениците од обата пола во зависност од нивните афинитети во воннаставните активности и да се афирмираат нивните постигања.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- **Подобрување на училишниот курикулум за работа со деца со посебни образовни потреби**
- Евалвација на унапредувањето на наставата врз основа на следење на напредокот и постигањата на учениците
- Унапредување на постапките за следење на реализацијата на наставата и учењето од страна на наставникот

2.Подрачје : Постигнување на учениците

Постигањата на учениците се еден од најважните сегменти во работата на нашето училиште. Училиштето особено води грижа за учениците кои покажуваат повисоки резултати и знаења по одредени предмети, а се грижи и за учениците кои имаат проблем во совладување на наставниот материјал по некои предмети. Покрај редовната, редовно се реализираат и дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, преку кои се овозможува проширување на нивните знаења. Учениците кои имаат потешкотии во постигнувањето на подобри резултати редовно имаат можност да се посоветуваат со стручната служба во училиштето, која преку советодавни и консултативни разговори им помага на истите да постигнат успех и примерно поведение, како и пристојно однесување во училиштето и надвор од него.

Оние ученици пак кои имаат постигнато поголем успех, награди, пофалници и сл. постојано се поддржани од сите субјекти во наставниот процес во училиштето и им се даваат посебни благодарници и признанија од страна на директорот на училиштето. Тие ученици постојано се поттикнати од страна на наставниците и стручната служба своето знаење да го надоградуваат и презентираат на општински, регионални и државни натпревари на знаења во различно области организирани од МОН и БРО.

Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.

Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.

Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.

Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.

Оддели во рамките на подрачјето:

- **Постигања на учениците**
- **Задржување/осипување на учениците**
- **Повторување на учениците**

Собирање на податоци

Стандарди за оценување (упатство за оценување на учениците во уцилиштето) Ученичко досие Записи Тековни коментари Критериуми и инструменти за следење на напредокот и постигањата на учениците	Постигања на учениците Оценувањето во својата најширока смисла означува процес на собирање и интерпертирање информации за учењето и постигањата на учениците. Терминот оценување го користиме за да ги означиме сите оние активности што ги превземаат наставниците, а и нивните ученици во своето самооценување, а кои што обезбедуваат информации што ќе се користат повратно за да се модификува наставата и активностите во учењето. Во текот на учебната год. Се добиваат тековни сознанија за напредокот и постигањата на учениците. За истите се води евиденција за напредокот, поведението, редовноста на учениците од обата пола од I –VIII одд. Добиените сознанија се достапни на наставниците, стручната служба и директорот, а преку нив на родителите и учениците. При тоа се почитува

	приватноста на развојот на ученик.
Закон за основно образование Прегледи Извештаи Евиденциони листови за успехот на учениците,сведителства	Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период постигањата на ученикот по задолжителните и изборни предмети се оценуваат описно, во вториот период, описно и бројчано, а во третиот период бројчано. Одделенските раководители за успехот на учениците ги известуваат родителите најмалку двапати во секое полугодие.
Показатели на успешност при планирање на часови Показатели за реализација на успешен час Показатели за успешна примена на формативно оценување Студии на случај Планирање на часови со имплементирање на карактеристики на формативно оценување Акциски истражувања	Преку формативното оценување се собираат и интерпретираат информации од оценувањето за да се поттикнува наставата и учењето, а преку сумативното оценување се сумира успехот на ученикот во одреден временски период. Заради поттикнување на учениците самите да се споредуваат со своите сопствени поранешни постигања, а заради развивање на натпревар со себе си за постигнување на повисоки резултати се настојува да се применува и ипсативно (кон себе насочено)моценување.
Годишна програма за работа на училиштето Извештаи Записници Програма и планирање за редовна,дополнителна и додатна настава	Во училиштето се врши идентификација на надарените ученици преку воочување на нивните индивидуални способности и особини. За учениците со тешкотии во учењето идентификацијата се врши според специфично манифестирање, а одредени се и категории за идентификација за ученици со психофизички пречки. Диференцијацијата во наставата се врши преку прилагодување на наставните барања кон индивидуалните одлики и можности на учениците.
Методологија за идентификација и педагошко водење на надарени деца Извештаи за добиени награди на натпревари Дипломи Признанија Пофалници	Нејзина цел е да се искористат и развијат мисловните можности, наклоности, интересирања и мотивација поради потполно остварување на учениковата личност. Внатрешно диференцирање се применува во редовни хетерогени одделенија со давање на барања со различна тежина,одбирајќи различни методи и постапки и различни наставни медиуми. Дополнителната настава се организира за ученици кои што од различни причини заостануваат во совладувањето на наставниот материјал и во нејзината реализација најмногу се применува индивидуална работа, многу помалку групна, а

Листи за следење на постигањата на учениците водени од наставникот Листа за следење на ученик Списоци на запишани ученици во средните училишта	ретко фронтална. При планирањето на додатната настава посебно се води сметка за надарените ученици да усвојуваат знаења,се здобиваат со навики и искуства за учење,развиваат творечки способности, се развива емоционална поддршка и мотивацијата. При преминот на учениците од првиот во вториот циклус следењето, проверувањето и оценувањето е со следните особености: аналитичност, индивидуализираност со аспект на следење и дијагностицирање на напредокот и развојот на секој ученик како и со подготвување на периодични извештаи за информирање на родителите. При преминот на учениците од одддленска во предметна настава се прави споредба на успехот на учениците заради воочување на тешкотиите при учењето,за давање соодветна поддршка кај поедини ученици, група ученици или паралелката во целина (дијагноза, планирање, реализација, контрола, повторна, повремена контрола). Во соработка со средните училишта добиваме информациии за понатамошно продолжување на образованието на наши ученици и за нивно понатамошно следење според воочени потреби.
	Задржување осипување на учениците
Списоци на ученици Соопштенија Евиденции Анализа на опфат	Во училиштето се настојува да се опфатат и да се запишат сите ученици што припаѓаат на реонот. За таа цел се превземаат повеќе активности:известување за рокот и потребните документи за запишување на деца оврзници за I одд. Преку соопштение во училиштето и медиумите, посетување на семејствата кои имаат деца редовни обврзници за настава, а каснат според законскиот рок за упис заради утврдување на причините за таквата појава, континуирана соработка со надлежните институции во Локалната самоуправа.
Одд. Дневник Извештаи Известувања на родители Анкета Записници од Заедница на ученици	Во училиштето систематски се следи редовноста на учениците според полот и социјалното потекло. Просечниот број на неоправдани изостанци во последните три години се движи од 1,2 до 2,7 по ученик. Училиштето навреме ги согледува причините за неоправданото отсуство и превзема конкретни активности – соработка со ученици, родители, наставници со цел да се подобри редовноста.

Еведенција Превенција и др. документи	Заради спречување на појава на осипување на учениците, училиштето ја интензивира соработката со родителите и со Локалната самоуправа. Во училиштето се почитуваат законските барања и предвидената документација за ученици кои доаѓаат од друго училиште во нашето или преминуваат во друго училиште.
Извештаи Анализа на успехот Евиденција за успехот на учениците на крајот на уучебна година	Повторување на учениците Во последните три години нема ученици кои ја повторуваат годината.

Собирање на податоци		
Анализа Согледувања Разговори Коментари	Наставници Директор Стручни соработници	Од анализата на постигнатиот општ успех на училиштето се забележува дека последните три години нема значителни разлики. Тој е во благ пораст во споредба со полугодишниот успех. Од следењето на ученици (една генерација) почнувајќи од IV до VI одд. се забележува благо опаѓање на успехот што се однесува за успехот меѓу половите девојчињата се подобри од машките освен за оценката мн. Добар каде што бројот на машки и женски е ист. Поголем е бројот на пофалени ученички отколку ученици за успехот и поведението. Наставниците мислат дека родителите треба повеќе да ги поддржуваат учениците за редовно посетување на дополнителната настава. Тие исто така посочуваат дека учениците каде што континуирано се формираат набавки за учење домот покажуваат и поголем интерес за повеќе училишни активности.

. Анкети Разговори Интервјуа	Ученици Наставници Директор Стручни соработници	Најголем број ученици посетуваат настава поради добиени послаби оцени во предметна настава, а во одделенска настава учениците кој што ги одредил наставникот. Од анкетирани 45 ученици, 69% се изјасниле дека посетувале дополнителна настава затоа што им помага да го подобрат успехот. 75% претходно разговарале со наставникот за содржината која ќе ја работат на дополнителната настава. Во предметна настава се зголемува бројот на ученици со солиден успех. Сакаат да посетуваат дополнителна настава заради надоплнување на празнини во знаењата. Интравертните ученици се чувствуваат послободни на часовите од дополнителна настава да поставуваат прашања за што не им е јасно. Кај учениците кои покажуваат високи резултати во наставниот процес се забечежува самоиницијативност за користење на повеќе извори за проширување на нивните знаења. Поголем дела на ученици од VII и VIII одд. од двата пола изнесуваат размислувања дека поддршката од страна на наставникот е важна за нивно поголемо залагање во учењето.
Анкети Разговори Констатации Предлози	Родители Наставници Директор Стручни соработници	Од анкетирани 95 родители 49% се изјасниле дека дополнителната настава им е важна за подобрување на успехот на нивните деца.78% се изјасниле дека нивното дете покажува добар напредок во учењето и дека наставниците ги почитуваат индивидуалните потреби на учениците. 83% ги поддржуваат индивидуалните средби и разговори со наставниците за добивање на поголем број на сознанија за брразованитеи и воспитувањето на нивните деца, 13% дека тие сознанија најуспешно би ги добиле при разговори во мали групи. Поголемиот број од родителите се задоволни од информациите кои што добиваат за напредокот и постигањата на нивните деца.

Резултати:
Клучни јаки страни • Воспоставен е систем на следење на напредокот и постигањата на учениците • Воспоставен е систем на идентификација на учениците со тешкотии во учењето,посебни потреби и надарени ученици • Соработка меѓу наставниците при преминувањето на учениците од еден во друг образовен циклус.
Слабости • Потреба за унапредување за идентификација и педагошко водење со развојни проблеми,тешкотии во учењето,емоционални проблеми,надарени деца.

Анализа на резултатите:

За учениците од обата пола преку систематски набљудувања, разговори, делување се добиваат и следат сознанија за нивниот напредок и постигања. Учениците се оценуваат описно и бројчано во соодност на законските барања по развојни периоди при што активни се залагањата за почитување на особеностите на оценувањата со цел континуирано да се следи и унапредува мотивацијата и залагањето на учениците од обата пола во процесот на учење. Во училиштето се развиваат дидактички можности кои водат кон индивидуализација на наставата. За учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии и кои напредуваат побавно или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети по претходна идентификација се организира дополнителна настава. За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и се пројавуваат и потврдуваат со особена талентираност и надареност во одделни наставни предмети се организира додатна настава по нивна претходна идентификација. Се следи бројот на запишани и испишани ученици во текот на учебната година при што се почитуваат законските барања и термини, а исто така се почитуваат законските одредби при преминувањето на учениците од едно во друго училиште. Се анализираат причините за нередовноста на учениците во наставата и се настојува отсуствувањата да бидат само од оправдани причини. Внимателно се следи преминот на учениците од еден во друг циклус, а се добиваат информации од средните училишта за учениците кои го продолжиле образованието во нив.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:

- Унапредување на услови за работа со деца со тешкотии во учењето
- **Идентификација, стимулација и промоција на надарените ученици.**

3. Подрачје: Учење и настава

Приоритет на нашето училиште е да се организира училиштето како безбедна и пријатна работна средина во која ќе се даде поддршка на индивидуалниот и емоционалниот развој на учениците, во сообразност со нивните предиспозиции и афинитети. Нашето училиште посветува големо внимание и на воспитната компонента како неизоставен сегмент од воспитно- образовниот процес. Основна цел на училиштето е да ги промовира интелектуалните, социоемоционалните вредности, за да обезбеди почит и поддршка на детската личност – квалитетното образование е темел на креативната личност.

Сите активности во училиштето се насочени кон постигнувањето на целите кои системот ги поставил – критичност, креативност, флексибилност на мислењето, животни, професионални и комуникациски вештини итн...

Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.

Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.

Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.

Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.

Оддели во рамките на подрачјето:

- **Планирање на наставниците**
- **Наставен процес**
- **Искуства на учениците од учењето**

Собирање на податоци	
Упатства за подготовка и планирање на наставата од МОН и БРО Наставни планови Наставни програми Насоки за глобално,тематско и дневно Листи за следење на планирањата (годишно-глобално,тематско,тематско-процесно,неделно) Протокол за следење на час Компоненти во планирање на наставата Компоненти за успешен час Карактеристики на формативно оценување Обрасци за планирање насоки за квалитативен приод во планирање,изработување и следење на домашни работи Ориентационен модел за работа на Стручен актив Извештаи	Планирања на наставниците Планирањето,подршката и следењето на планирањата на наставата се реализира на организиран начин. Се започнува од подготовката на наставникот за планирање, планирање на наставата и нејзина реализација. Директорот и стручната служба ги следат планирањата според определени критериуми кои се прифатени од страна на наставниците. При посета на час набљудувањето се врши од аспект на организација, опрема и изглед на училницата; Комуникација, мотивација и ангажираност на учениците; Наставен процес; Оценување на учениците. Сите наставнци ги изготвуваат неопходните планирања во кои се застапени потребните дидактичко-методски барања за успешна организација и реализација на целите на наставата. Заради поуспешно планирање на наставата во рамките на Стручните активи се реализираат повеќе активности: Подготовка за изработување на потребни планирања на наставата (анализа на наставните програми); Истакнување на наставни содржини кои ќе се реализираат со воведување на современи наставни методи, форми и современа наставна технологија; Планирање на набавка на наставни средства неопходни за осовременување на наставата како и планирање на користењето на поставените средства;

Документација за одржување на работни средби,обуки и сл. Надвор од училиштето Користење на интернет Известувања за сознанија од поширок карактер	Утврдување на учебници и прирачници кои ќе се користат во тековната учебна година; Утврдување на појдовни основи за изработка на годишни програми за работа на секциите; Поделба на работните задачи во работата на активот; Анализа на учебници
Наскои за изготвување на распоред на часовите	При изготвувањето на распоредот на часовите стручните соработници даваат насоки за негово правилно соодветно ангажирање на потенцијалите на детето,за ефективност во процесот на учење
	Наставен процес
Планирање на наставници (тематски,дневни)	Наставниците користат разновиднинаставни форми имајќи ја во предвид структурата на типовите на часови: Час за усвојување на нов маттеријал; Час за утврдување на знаењата,умеењата и здобивање на навики; Час за повторување и систематизирање на знаењата; Час за проверување и оценување на знаењата и умеењата на учениците; Комбиниран час.
Старатегии и техники на учење и подучување - Стручен материјал	При изборот на методите наставникот се раководи од индивидуалните потреби на учениците и нивните стилови на учење при што се настојува да се поттикнува интерес,да се активира мислењето на ученикот,да се создаде можност за пројавување на личноста на ученикот како и да се зголеми творечкиот карактер на наставата и нејзината ефективност.Заради тоа наставникот користи повеќе методи на наставна раабота при реализацијата на наставен час или воспитно-образовна активност.
Стручни материјали со прегледи на прашања со различно ниво на сложеност Оперативен план на часот	-При планирање на задачите и активностите во наставата наставниците ги земаат во предвид индивидуалните образовни потреби на учениците,а исто така користат и различни ресурси за поддржување на индивидуалното темпо на учениците.
Критериуми за комуникација на наставен час Критериуми за одржување на дисциплина	Во наставниот процес се настојува да се мотивираат учениците на активно учество во работата и низ комуникација со наставникот низ сите фази научење во текот на часот да се постигнат очекуваните цели и исходи.

Критериуми за изградување на погодна атмосфера за работа во паралелката Инструменти за самооценување на учениците (листи,прашања,табели,ЗСН,ученичко портфолио,аналитички бодовни листи,листи за проверка,чек листи,скали на проценка,белешки на наставникот	
План за обработка за одредбите на Конвенцијата за правата на детето со нивна интеграција во наставната работа по одделни наставни предмети	Не се прават разлики меѓу учениците од различен пол,етничка и религиозна припадност и социјално потекло.Континуирани се залагањата за поттикнување на учениците на взаеман соработка и почитување.
Програма за воспитните вредности на толерантноста	
Програми за работа на Стручни активи Извештаи Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовка на наставен час Инструмент за изведување на наставен час Инструмент за следење и вреднување на текот на наставен час Инструмент за следење клима во паралелката Портфолио од наставник	Училиштето ги спроведува инструментите предвидени во интерната процедура за следење на наставниот процес. Според соодветни согледувања тековно се врши посетување на наставните часови од страна на директорот и стручната служба.Се поттикнуваат наставниците на размена на искуства преку активностите на стручните активи. Преку добиените сознанија се развиваат можности за унапредување на учењето и наставата.
	Искуства на учениците од учењето
Насоки за изложување на изработки	Заради поттикнување на учениците за изградување на позитивен став кон училиштето и учењето се настојува да се афирмираат нивните постигања во остварувањето на

Изложбени паноа Ѕиден весник Училишен весник	целите во наставата и учењето. Во училниците и во холовите систематски се изложуваат трудовите со цел да се поддржува нивното понатамошно залагање во наставниот процес. При тоа се почитуваат насоки за естетско уредување.
Правила на однесување во училницата Кодекс на однесување на учениците Кодекс на однесување на наставниците,директорот и стручните соработници Кодекс на наставникот менаџер	Вклучувањето на учениците во активно учество при реализација на целите на часот од аспект на субјекти во наставата овозможува изградување на атмосфера за учење која ги стимулира нивните мисловни процеси. Преку споделување на одговорноста се интезивира насочена комуникација меѓу наставникот и ученикот како комиуникациија меѓу самите ученици со што се олеснува усвојувањето на процесот на учење,а улогата на наставникот како координатор и усмерувач на наставниот процес ги охрабрува сите ученици за активно учество во работата.
Програма за заедница на ученици Записници Извештаи Програма за одд.час Разговори	Се настојува учениците да се договараат и завземаат ставови за сите позначајни прашања што се во врска со шивотот и работата на училиштето.Имаат можност за давање на иницијатива,согледување и решавање на заедницки проблеми,развивање и негување на другарски односи меѓу нив,одржување на редот на дисциплината,зачувување на училишниот инвентар,развивање на свест за потребата за постојана и конструктивна соработка со сите субјекти инволвирани во воспитно – образовниот процес.
Образец за планирање и оценување на проектна активност	Со цел да им се овозможи на учениците да работат интерактивно се вклучуваат во проектни активности што се реализираат во училиштето и надвор од училиштето.
	Задоволување на потребите на учениците
Начини на следење на напредокот и постигањата на учениците – евиденциони листи Ученичко досие	Во училиштето на ораганизиран и систематски начинсе следат и идентификуваат образовните потреби на учениците заради зголемена активаизација на учениците во наставниот процес и мотивирање за успешно учење,како и понатамошна ефективна организација на наставната работа.

Планирања на наставата Евиденција нај стручни соработници Орегледи Насоки за водење на ученичко портфолио Ученичко портфолио Листи за самоанализа на учениците Листи за самооценување на учениците Гравички органајзери за самооценување Коментари на трудови од ученикот дадени од страна на наставникот и самиот ученик Насоки од стручната служба за усмерување на поучувањето на учениците Програма за час на одделенската заедница	За да се постигнат целите на наставата,за насочување на сознајната дејност на учениците,за усвојување на методите за самостојна работа и за развивање на творечките способности на учениците се настојува да се врши правилен избор на наставни стратегии,методи,форми и средства. Почитувајќи ги индивидуалните стилови на учење кај учениците наставникот континуирано врши поучување за поуспешно учење раководејќи од повеќе барања: - Добро да ги запознае учениците,односно нивните тешкотии во учењето; - Да го следи и проучува секој ученик од паралелката; - Да умее да постави дијагноза до каде стигнал,колку напредувал ученикот во осамостојувањето за самоучење; - Да го утврди степенот на развиеност на навиките,методите и техниките за самостојно учење; - Врз основа на поставената дијагноза да ја планира работата за натамошен развој на учениците на овај план; - Да програмира поконкретни содржини и активности за оспособување за рационално учење и да работи на тоа оспособување; - Да врши неопходна контрола за тоа дали учениците навистина ги практикуваат тие активности,колку адекватно ги исполнуваат,стануваат ли нивна своина како навики,методи на работа,умеења и знаења; - Да соработува со родителите во врска со осамостојувањето на учениците за самостојно рационално учење.
	Оценување како дел од наставата
Инструменти за формативно и сумативно оценување Закон за основно образование Програма за работа на училиштето Педагошка евиденција и документација План за унапредување на	Оценувањето претставува составен дел од наставниот процес (на учењето и наставата).Се настојува да биде сеопфатно – да ги опфаќа когнитивните,емоционалните и социјалните димензии на учењето. Во оценувањето на учениците се почитуваат законските прописи.Заради поддржување на учењето на секој ученик се применува систем на проверување и оценување кој става акцент на следните аспекти: - Процесот кој води кон резултат: - Квалитетот н знаењата: - Дијагностичко информативно проверување и оценување:

оценувањето на учениците Критериуми за унапредување на оценувањето Листи за самооценување на наставникот во оценувањето Упатство за користење на методите на оценување Аналитички бодовни листи Чек листи Скала на проценка Листи за самооценување на ученикот Листи за самопроценака на ученикот Студии на случај Пишани повратни информации Упатство за користење усна повратна информација за различни цели Оперативен план на час Тематско планирање Тематско – процесно планирање	- Примена на разновидни начини на проверување на постигањата: - Редовно (континуирано) следење,проверување и оценување: - Проверување и оценување со позитивна насоченост – барање на знаена. Во наставниот процес континуирано се спроведува оценување според соодветни критериуми за кои се информираат учениците и родителите. Во оценувањето на учениците се применуваат разновидни методи,постапки и техники на проверување на напредокот и постигањата на учениците,со што се дава ножност и учениците да се вклучуваат во оценувањето. Вклучувањето на учениците во оценувањето им се дава силен поттик за објективно проценување на сопствените постигања и мотивација за поставување пред себе на повисоки интелектуални и индивидуални цели. Наставниците при давањето на повратна информација за работата на учениците (усно и писмено) образложувањето го насочуваат кон тоа што и како се работи или треба да се прави. Преку реализацијата на конкретните цели и добиените резултати (исходи) се евалуираат реализираните активности кои се показател за понатамошното планирање на наставата,

План и програма за соработка со родителите План и програма за работа на Советот на родители Записници од родителски средби Записници од состаноци на совет на родители Белешки за средби родител – наставник Етички кодекс за оценувањето	Известување за напредокот на учениците Преку индивидуалните контакти,групни контакти,средби по укажана потреба за постигнување на одредени цели од информативна,педагошко инструктиван и советодавна природа како и преку општи родителски среќавања,родителите тековно добиваат информации за когнитивниот,социо – емоционалниот и психомоторниот развој на нивните деца.Преку информирање на целите и задачите на наставата се поттикнуваат активно да учествуваат во планирањето на работата на училиштето со цел поуспешно да им помогнат на нивните деца.

Собирање на податоци		
Анкети Разговори Дискусии	Наставници Стручни соработници Директор.	Наставниците се заинтересирани за следење на насоките за квалитативни аспекти на планирањата како и за унапредување на сопствената работа според сознанија добиени од сопствена анализа и согедувања на ниво на училиште за успешност во реализацијата на поставени програмски барања. Често пати соработуваат меѓу себе и со стручните соработници, а ја почитуваат поддршката од директорот за овозможување на ефективност на реализација на целите на наставата.Настојуваат да ги вклучуваат учениците во планирање на наставата особено во планирањето на активностите што треба да ги извршат учениците на часот и надвор од часот.Тие користат неопходни средства и помагала за успешно усвојување на целите на наставата.Во наставниот процес учењето,поучувањето и оценувањето преку соодветни планирања ги поврзуваат во единствен процес на делување.За нив се важни дијагностичкото,формативното и сумативното оценување.
Анкети Интервјуа Разговори	Наставници Ученици Стручна служба	Од анкетирани 74 ученици од предметна настава од обата пола најповеќе новата содржина ја научуваат кога таа се реализира со примена на нагледни средства,експерименти исл.Најшповеќе сакаат да учат по предметите каде што наставникот не е престрог во оценувањето.62% од учениците истакнуваат дека имаат поголема желба за учење кога знаат за натпреварувањето во учењето.Учениците сакаат нивните успешни трудови да бидат изложувани на видни места и нивните позитивни резултати претставени во поширокатa средина.80% истакнуваат дека најповеќе сакаат да учат по предметите каде наставникот е непосреден и пријатен и правичен и еднаков спрема сите.Најголемиот дел од учениците мислат дека слободно можат да ги прашуваат наставниците за нејасни работи,соработуваат со учениците во парови или во групи во повеќе активности од кои дел ги извршуваат во домашни услови. Учениците знаат зошто треба дапосетуваат дополнителна настава.58% истакнуваат дека работата на дополнителната настава им помогнува да

		го поправат успехот.На повозрасните ученици при изготвувањето на домашните задачи потреба им е повремена помош додека помалите ученици се чувствуваат посигурно кога имаат континуирана поддршка за нивно решавање.
Анкети Интервјуа Разговори		Родителите сметаат дека анкетата е показател на степенот на знаења на учениците.50% од анкетирани 60 родители сметаат дека наставниците повеќе применуваат писмени методи за оценувањето на учениците.Во оценувањето истакнуваат критериуми при што ја почитуваат и активноста на учениците во реализацијата на поставените задачи.65% од родителите мислат дека преку тековното известување за постигањата на учениците сезголемува мотивираноста за учење.

Резултати:
Клучни јаки страни ➢ Соодветност на планирањата според барањата на наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО. ➢ Унапредување на елементи на наставно – целна и процесно развојна стратегија на програмирање на наставно образовниот процес. ➢ Унапредување на процесот на подучување на учениците за учење. ➢ Интерес на директорот,стручните соработници и наставничкиот кадар за континуирано иновирање и унапредување на воспитно – образовниот процес во училиштето.
Слабости ➢ Потреба од унапредување на планирањата на наставата според посебните образовни потреби на ученици ➢ Потреба од континуирано набавување на потребни нагледни средства и помагала

Анализа на резултатите:

Наставата се изведува на организиран начин. Изготвени се наставни планирања. Наставниците изготтвуваат годишни глобални, тематски и дневни планирања. Реализацијата на наведените планирања се следи на повеќе начини. Наставниците соработуваат со директорот, педагошко – психолошката служба и БРО заради поуспешно планирање на сопствената работа. Во наставната работа се применуваат разновидни наставни форми и методи. Следењето, проверувањето, поттикнувањето и оценувањето на развојот на напредувањето на учениците се врши со примена на различни форми специфични на барањата на описното, односно бројчаното оценување.

Во наставата се посветува посебно внимание на педагошката комуникација меѓу наставникот и учениците. Во усна или писмена форма се изнесуваат постигнатите резултати во наставно – воспитната работа. Перманентното образование кој се поддржува и поттикнува за понатамошно стручно усовршување на директорот, стручните соработници и наставниците.

Во процесот на наставата учениците постепено се воведуваат во методи и техники на успешно учење. Вклучувањето на учениците во наставниот процес се поттикнува и преку ученичката заедница. Наставниците им овозможуваат на учениците да ги презентираат своите трудови на различни начини. Низ континуирано следење на постигањата на учениците и давање на повратни информации се идентификуваат нивните образовни потреби. Следењето, проверувањето и оценувањето на напредокот на учениците се врши рамноправно на двата пола за сите ученици во училиштето. Училиштето е отворено за активна и конструктивна соработка со родителите.

Училиштето со неговите компоненти за учениците овозможува тие да стекнат сигурност и доверба, да се чувствуваат како во заедница во која слободно ги извршуваат животните процеси, да знаат дека се наоѓаат во една динамична, емотивно сигурна и едукативна институција.

Во нашето училиште за подобрување на успехот и поведението на учениците се води посебна грижа. Се практикуваат активности за поттикнување на развојот, натпревари, секции, индивидуално поттикнување, тимска работа, додатна и дополнителна настава и сл.

Посебен акцент се става на мотивацијата на учениците да можат да ги зголемат своите постигања, активно да се ангажираат во процесот на учење, да работат и да се стекнуваат со знаења и вештини за вклучување во процесот на истражување со цел да се насочат кон ефикасност и ефективност на сопствените идеи и напредок.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Доопремување на училиштето со нагледни средства и помагала
- **Зголемување на учеството на родителите во работата на училиштето со цел за подобрување на воспитно – образовниот процес**

4.Подрачје : Поддршка на учениците

Училиштето со неговите компоненти за учениците овозможува тие да стекнат сигурност и доверба, да се чувствуваат како во заедница во која слободно ги извршуваат животните процеси, да знаат дека се наоѓаат во една динамична, емотивно сигурна и едукативна институција.
Во нашето училиште за подобрување на здравјето и постконфликтните трауми на учениците се води посебна грижа. Се практикуваат активности за поттикнување на сигурноста на учениците

Оддели во рамките на подрачјето:

- **Севкупна грижа за учениците**
- **Здравјето и постконфликтните трауми**
- **Советодавна помош на учениците**
- **Следење на напредокот**

Собирање на податоци	
Куќен ред – членови Насоки за помагање при несреќни случаи План за заштита од елементарни непогоди Прирачник за училишни одбори за основни и средни училишта Записник од училишен одбор Презентација за превенција на насилно однесување Процедура за регистрирање и превземање на мерки против појава на пушење,алкохолизам,користење и растурање на наркотични средства. Процедура за грижа на учениците со телесни пречки во развојот Процедура за обезбедување на материјални средства за ученици од социјално загрозени семејства Насоки за справување со различни облици на насилство Досие на ученик	Севкупна грижа за учениците Во училиштето се води постојана грижа за обезбедување на учениците за време на изведување на наставата ,за време на одморите,воннаставните активности и сл.Во случаеви кога се појавуваат некои несреќни случаи – повреди се укажува прва помош од наставници обучени за истото како и медицински лица од стоматолошката амбуланта која работи во училиштето.Училиштето има механизми за спроведување со евентуална појава на елементарни непогоди. Континуирани се залагањата на сите вработени во училиштето за моделирање на конструктивно ненасилно однесување и негување емпатија и вештини за мирно решавање на споровите меѓу учениците,учениците и возрасните и сл. Самостојно и во соработка со соодветни интитуции се врши превенција против можни пороци со цел да се заштити здравствената состојба и психофизичкиот развој на учениците. Училиштето води грижа за обезбедување на здрава исхрана на учениците и изградување на културно хигиенски навики при користење на истата. При идентификација на деца со телесни пречки во развојот се изнаоѓаат начини за прилагодување на училишната средина на потребите на тие деца. Во училиштето се врши идентификација на деца од социјално загрозени семејства и самостојно и во соработка со соодветни институции се настојува да се помага во училиштето и домот. 100% од учениците и 100% од родители се чувствуваат сигурни затоа што вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето , а на потребите и грижите на децата им пристапуваат чувствително , грижејќи се за нивните права , приватност и достоинство. 85% од учениците изразуваат незадоволство дека училиштето не овозможува услови за физичка активност на учениците како и 100% од учениците мислат дека постоечката спортска сала не ги задоволува потребите на учениците во зимскиот период.

	Здравје
План и програма за здравстведна заштита и здравствено воспитување на учениците во Годишната програма Насоки за превенција од заболувања Систематизација на работни места Записници од надлежни органи Процедура за грижа за ученици кои заради хронично заболување подолго време отсуствуваат од наставата	Во училиштето континуирано се превземаат хигиенски и превентивни мерки за подобра здравствена заштита на учениците. За хигиената се грижат соодветно вработени лица со работни задачи непосредно поврзани со ова барање. 60% од учениците мислат дека хигиената редовно се одржува во училишните ходници, училниците и дворот Следењето на активностите за унапредување на здравјето на учениците се врши тековно во училиштето и во соработка со надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците.
	Советодавна помош за понатамошно обарзование на учениците
Годишна програма за работа на училиштето Програма за професионална ориентација на учениците Стручни материјали Анкета Тестирање Информации Предавање Евиденции Евидентен лист за идентификација Евидентен лист за советување Евидентен лист за ученик со посебен третман Информации Записници	За да им се помогне на учениците да се ориентираат на она поле на работа кое најдобро им одговара на нивните психофизички особини и интереси се превземаат поголем број на активности: работа со ученици и работа со родители. Со цел да се формира позитивна личност во училиштето се реализира пристап во кој постапките во воспитувањето се насочени кон целосно развивање и напредување на детската личност.Се интезивира заложбата а единствено воспитно влијание помеѓу училиштето и семејството.Во решавањето на емоционалните тешкотии по потреба се вклучуваат соодветни стручни институции. 75% од учениците се изјаснија дека во училиштето добиваат јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. 75% од родителите сметаат дека во училиштето континуирано ја проценуваат професионалната ориентација на учениците преку разговори и тестирања.

	Следење на напредокор
Ученичко портфолио Анегдотски белешки Ученичко досие Евиденциони листи Чек листи Аналитичко – синтетички записи по калси ,фикциони периоди Евидентен лист за успехот на ученик Одд. Книга План за следење,проверување и оценување на напредокот и постигањата на ученикот Стручни материјали Прегледи Извештаи Анализа Евиденции за новодојдени и заминати ученици	За следење на индивидуалните процесни цели се користат постапки на непосредно следење при што подеднакво внимание се посветува на процесите и резултатите со цел учениците да се поучуваат за успешно учење. За напредокот на учениците континуирано се информираат и родителите. Добиените показатели овозможуваат понатамошно унапредување на напредокот и постигањата на учениците. 100% од учениците сметаат дека во училиштето има добра соработка меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците во однос на резултатите и постигањата на учениците. 100% од родителите се изјаснија дека наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата , редовноста и поведението на учениците.

Собирање на податоци		
Разговори Интервјуа Анализи	. Наставници Директор Стручни соработници	Наставниците ги следат потребите и однесувањата на учениците на организиран начин при што соработуваат со директорот и стручните соработници.Одделенските раководители добиваат тековни сознанија за социо – емоционалниот развој на учениците осд повеќе извори (од родителите,учениците од паралелката,предметните наставници и др. Лица вработени во училиштето и надвор од него).Дискусиите за учениците на одделенските совети им помагаат на наставниците да ги збогатуваат сознанијата заради објективност во проценувањето на причините за однесувањето на поединни ученици.При донесувањето на одредени мерки за подобрување тие ги усогласуваат своите ставови по претходно образложување на конкретните ситуации.Постојано се вклучуваат во процесот на следење на забележувањата од страна на учениците и родителите за безбедноста во училиштето,квалитетот на храната,хигиената и здравјето на учениците. Наставниците мислат дека навременото информирање на родителите за поведението на нивните деца помагаат за поефективна сорабтка за надминување на воочените проблеми.
Разговори Интервјуа Анализи Листи за самопроценување	Наставници Ученици Директор Стручни соработници	Учениците изнесуваат дека поедини ученици во некои паралелки повремено влијаат на одржувањето на позитивна работна атмосфера на часот. 75% од учениците во предметна настава знаат како да постапуваат и информираат во овие ситуации.Ги почитуваат можностите да им се обраќаат на воздрасните лица во училиштето во моментот кога им е потребно и предлагаат мерки за решавање ма проблемите.Ги почитуваат праведите и образложени одлуки во училиштето за одредена цел тие да се подобрат.Се вклучуваат во хуманитарни активности за потребите на ученици од нашето училиште и поширокота средина. 40% од учениците им помагаат на послабите ученици во работата во групи. Учениците мислат дека им се корисни сознанијата за превенција заради заштитата на нивното здравје добиени од предава на разни теми добиени од здравствени и хуманитарни организации.Им помагаат на ученици со емоционални проблеми заради полесно прилагодување во

		паралелката преку постојано дружење.Даваат мислење за сопствените желби за продолжување на образованието, а се вклучуваат за самооценување на афинитетите на своите соученици.
Разговори Интервјуа Констатации Предлози Извештаи Анкети Коментари		Најголем дел од родителите мислат дека нивните деца се чувствуваат безбедни во училиштето.Почитувањето на куќниот ред од страна на учениците е многу важно за овозможување на поволни услови за непречено изведување на наставата.Предлагаат да се изведуваат зачестени инструктивни советувања со родителите на поедини ученици заради добивање на едукативни сознанија за полесно надминување на поедини развојни проблеми. Користат повеќе форми за укажување на одредени појави заради превземање на навремени активности за решавање на конфликитни ситуации. Предлагаат и настојуваат да се подобруваат хигиено – техничките услови во санитарните јазли.Ги поддржуваат активностите за континуирано известување на социјалниот,емоционалниот и психомоторниот развој на учениците.

Резултати (согледувања): Образложение на нашите клучни јаки страни и слабости

Клучни јаки страни

- Идентификација и следење на социо – емоционалните компоненти за развојот на учениците. Ангажирањата се насочени кон превентивни активности и поддршка на социјалното,емоционалното и менталното здравје на учениците според нивните карактеристики и потреби.
- Заинтересираност на учениците за учество во градење на позитивна клима во училиштето. Низ планирани активности се реализираат повеќе задачи со цел да се едуцираат и запознаваат учениците и притоа да се изгради позитивна клима во училиштето.
- Поддршка на родителите за унапредување на начините за решавање на појавени проблеми. Преку разни активности родителите се вклучени во воспитно – образовниот процес како и при решавањето на појавените проблеми.
- Поддршка од раководниот кадар за унапредување на стратегиски за тековно следење на повеќе компоненти за развојот на детската личност (социјални,мотивациски,емоционални,психомоторни). Во училиштето активно работи педагошко – психолошка служба чии програмски активности се одвиваат континуирано и координирано низ целокупната воспитно – образовна дејност.
- Постоење на тимска ангажираност за разрешување на конфликтни ситуации. Во училиштето тимски се делува при решавањето на конфликтите.
- Настојување да се почитуваат мислењата и предлозите на родителите.Соработката со родителите е континуирана, а доколку има потреба таа е позачестена, се релизира советувањето со родителите, со што се постигнува заемна корист на родителот и училиштето.

Слаби страни:

- Подобрување на условите за рекреативни активности на учениците во училишниот двор
- Недоволни услови за физичка активност на учениците, особено во зимскиот период заради немање на адекватна спортска сала во училиштето

Анализа на резултатите:

Во училиштето се гради позитивен став за побезбедно и поуспешно вклучување на учениците во воспитно – образовниот процес.Ангажирањата се насочени кон превентивни активности и поддршка на социјалното,емоционалното и менталното здравје на учениците според нивните карактеристики и потреби.Низ планирани активности се реализираат повеќе задачи со цел да се едуцираат и запознаваат учениците и родителите за позитивен развој на нивните деца.Во училиштето активно работи педагошко – психолошка служба чии програмски активности се одвиваат континуирано и координирано низ целокупната воспитно – образовна дејност.Професионалниот развој на учениците се реализира низ сите подрачја во наставните и воннаставните активности со посебен акцент на учениците од VIII одд. Кога тие се определуваат за понатамошно образование.Во училиштето се води евиденција за напредокот,редовноста,поведението и развојот на учениците и информирањето на сите субјекти кои се вклучени во воспитно – образовниот процес се врши на организиран начин.

Идни активности (Приоритети):

- Подобрување на условите за рекреативни активности на учениците
- **Обезбедување на спортска сала во училиштето, со цел континуирана реализација на наставниот процес**

5.Подрачје : ЕТОС

Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.

Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.

Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.

Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.

Оддели во рамките на подрачјето:

- **Училишна клима и односи во училиштето**
- **Промовирање на постигањата**
- **Еднаквост и правичност**
- **Соработка со родителите и со локалната заедница**

Собирање на податоци	
Програма за воспитна работа на училиштето	Училишна клима и односи во училиштето Нашето училиште всушност преставува создаден амбиент во кој се реализира наставниот процес кој покрај материјално-техничките услови ги опфаќа и меѓучовечките односи на сите директни и индиректни учесници во реализацијата на овој процес. Во училиштето се работи на развивање добра организациска структура како амбиент кој е одраз на тоа како во него се чувствуваат и однесуваат вработените, учениците и нивните родители. Од посебна важност е нагласеното верување дека секое дете може да биде добар ученик и развивањето на таква организаторска работа како на учениците така и на другиот персонал во него. Во училиштето се изготвуваат оперативни планирања за развивање на воспитните компоненти за развојот на личноста на ученикот во текот на учебната година со конкретизирани цели, активности, вклучени лица во реализацијата на активностите и време на реализација на истите.
Статут Програма за воспитните вредности на толерантноста Правилник за педагошки мерки Пофалби Награди Признанија Кодекс на однесува ње Куќен ред на училиштето Програма на заедницата на учениците Програма на одделенски совет	Воспоставувањето на толерантноста се настојува да се остварува во рамките на сите наставни дисциплини, на сите нивоа и во сите подрачја на воспитно-образовната дејност во училиштето. На овој план се афирмираат вредности (заедништво, слога, заедништво меѓу различни субјекти, соработка, солидарност, делење меѓу себе) почитување на различноста, толеранција, запознавање со различностите, полова еднаквост, коегзистенција, мулти-култура. Преку откривање на карактеристични начини на појавување на нетрпеливост кај одделни ученици се врши интерактивно пристапување за намалување и отстранување на факторите што влијаат на конфликтите. Однесувањето на учениците и на другите вработени во учелиштето е регулирано со почитување на правила во чие донесување се настојува да бидат вклучени и учениците и родителите. Овие правила тековно се надополнуваат според согледаните потреби и

Програма на Совет на родители Програма за соработка со родители Правила на однесување на училиштето за надворешни лица кои го посетуваат училиштето за разни потреби	настанатите ситуации. За спроведување на истите се дискутира на состаноците на соодветни органи и тела.
Одделенски дневник Полугодишен и годишен извештај	Промовирање на постигањата Училиштето рамноправно им дава можност за презентирање на знаењата и умеењата на учениците од двата пола и со различни способности почитувајќи ги нивните посебни афинитети. Наставниците, директорот и стручните соработници соработуваат со ученичките заедници на паралелките и со ученичката заедница на училиштето.
Протокол за набљудување на час Годишна програма за работа на училиштето План за натпревари	Според протоколот за набљудување на мотивираноста на ученици со различни способности, наставниците во воспитно-образовната работа ги почитуваат барањата за правилно формирање на групи на ученици во кои се почитува колективизмот во заедничката работа. Стилот на наставникот за воспоставување на погодна атмосфера е еден од показателите за изведување на стратегија за насочување на активностите за позитивен однос кон учениците, за постигнување на повисоки резултати.
Паноа со пофалби и награди Изложени трудови Медиумско промовирање	Училиштето континуирано влијае на стимулирање на ученичкото презентирање низ разни форми во училиштето и надвор од него.
Куќен ред	Со куќниот ред, се воспоставуваат протоколни постапки од моментот на влегувањето во училиштето, до моментот на неговото напуштање.
Социометриска техника Преглед на социјалната структура на родителите на учениците	Интерперсоналните односи во паралелката во даден момент се испитуваат и анкетираат заради добивање на повеќе показатели: структурата на групата, интергрупните односи, спротивностите во групата, социјалната приспособеност, социјалниот статус на ученикот.

Записници од родителско-наставнички средби Одделенски дневник Дневник за работа на стручни соработници Записници од Совет на родители	Во изградувањето на меѓусебните односи учениците од обата пола ги почитуваат позитивните насоки на другарството и пријателството, во заемна соработка и смисла на колективен живот од аспект на хуманизација на односите меѓу половите. Поведението на учениците во училиштето е предмет на тековно разгледување по класификациони периоди и во одделни ситуации, за него родителите се информираат на општите и посебните родителски средби, преку Советот на родители и индивидуалните комуникации.
План за обработка на одредбите (членовите од конвенцијата на правата на детето) Записник од состанок на Совет на родители Педагошка евиденција и документација План и програма за јавна и културна дејност	Еднаквост и правичност Правата на децата се почитуваат низ целокупниот воспитно-образовен процес од сите вработени лица во училиштето. Континуиран е процесот за информирање на родителите за имплементација на правата на децата. Во училиштето се развива процес на недискриминација и почитување на детската личност во наставните и воннаставните активности. При оформувањето на структурата на паралелките се настојува да се почитуваат барањата на родителите со цел да се поддржи оптималниот развој на личноста на ученикот. Училиштето е отворено за соработка и со другите основни и средни училишта во локалната средина и пошироко заради остварување на заеднички потреби и цели. Низ реализација на целите на наставните програми учениците се запознаваат и учат за сопствената култура и традиција, а исто така и за другите етнички заедници во Р. Македонија.
План и програма за соработка со родители Плани и програма за работа на Совет на родители Записници План и програма за општествено корисна и хуманитаран работа на учениците	Партнерски однос со родителите и деловната заедница Преку индивидуални и групни средби, средби по укажана потреба за постигнување на одредени цели од информативна, педагошко-инструктивна или советодавна природа, плански се остварува соработка меѓу училиштето и родителите при што се настојува родителите континуирано да бидат информирани за когнитивните, емоционалните, социјалните и психомоторните компоненти од развојот на личноста на детето. Преку вклучувањето на учениците во општествена и друга корисна работа кај нив се развива љубов и позитивен однос кон работата и се развива правилно сфаќање на физичкиот и интелектуалниот труд. Активностите на учениците се прошируваат и надвор

	од училиштето преку вклучување во повеќе активности во локалната средина. Училиштето настојува одредени цели од воспитно-образовната програма да ги реализира во соработка со невладини организации и бизнис секторот.

Собирање на податоци		
Разговор Набљудување Согледување на посетени часови	Наставници Директор Педагог Психолог	Наставниците настојуваат да воспостават позитивна атмосфера на часот, а ги следат и насочуваат однесувањата на учениците за време на одморите. Ги упатуваат дежурните ученици кон формирање на навики за одговорност на нивните дежурства во училницата. Го поттикнуваат соработничкиот однос со и меѓу учениците како и грижата за инвентарот во училницата. Позитивните примери на изработки ги истакнуваат на определени места во училницата и училиштето. Ги поттикнуваат учениците да ги презентираат своите постигања во училиштето и надвор од него. При формирањето на групи за реализација на наставните цели се води грижа за вклучување на ученици со различни можности. Во почитувањето на правата на децата се настојува да се почитуваат и одговорностите на истите. Наставниците мислат дека семејната клима битно влијае на мотивирањето на учениците за постигнување на повисоки резултати во учењето.
Анкета Разговор	Ученици Наставници Педагог Психолог	Анкетирани се вкупно 40 ученици од обата пола. 65 % од анкетираните ученици се изјасниле дека во училиштето се води грижа за постигањата на учениците. 90 % се изјасниле дека наставниците имаат правичен и еднаков третман кон сите ученици без оглед на пол, етничка припадност и способности, а 65 % сметаат дека училиштето им дава можност на учениците за учество во повеќе воннаставни активности. Учениците сметаат дека во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците (95 %), во училиштето се води грижа за постигањата на учениците (95 %), во училиштето редовно се промовираат постигањата на учениците на ВЕБ страната на училиштето, социјалните мрежи, медиумите-електронски и пишани (90 %).
Анкета Разговор Дискусија	Родители Наставници Директор Педаог	Од анкетираните 58 родители најголем дел се изјаснуваат дека во училиштето нивното дете се чувствува среќно и безбедно (77,8%). 80 % од родителите сметаат дека училиштето ефективно комуницира со родителите со тоа што овозможува организирање индивидуални родителски средби и приемни денови. 5 % од анкетираните родители се изјасниле дека училиштето активно учествува во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. 65 % се изјасниле дека училиштето им дава можност на учениците за учество во повеќе

	Психолог	воннаставни активности, а 75 % сметаат дека во училиштето се поттикнува наставничкиот кадар и учениците за учество на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. 70 % изјавиле дека училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат. 50 % делумно се согласуваат дека училиштето активно ги вклучува родителите во реализацијата на проекти.

Резултати:
Клучни јаки страни - Континуирано унапредување на системот на воспоставување на позитивна клима во училницата; - Тенденција кон зајакнување на мотивацијата на анганжираноста на наставниците и учениците преку промовирање на нивните постигања; - Развивање на повеќе форми за комуникација со родителите; - Подготвеност за учество во активности на локалната заедница; - Следење на социјалната структура на семејствата на учениците; - Колегијалност меѓу вработените; - Отвореност за вклучување во проекти
Слабости - Потреба од поголема вклученост на родителите во училиштето.

Анализа на резултатите:

Во училиштето се развива организаторска структура за развивање на позитивна училишна клима.Се настојува во него добро да се чувствуваат вработените,учениците и нивните родители.За унапредување на воспитните компоненти од развојот на личноста ба ученикот се планираат и програмираат одредени активности.Се настојува да се почитува различноста меѓу учениците и кнофликтни ситуации да се решаваат на конструктивен начин.Има пропишано процедури за однесување на вработените,учениците и родителите.Постигањата на учениците се промовираат на разни начини.

Се настојува правата на децата да се почитуваатниз целокупниот воспитно-образовен процес.Соработката меѓу училиштето и родителите се остварува на планиран начин.Учениците се поттикнуваат да се вклучуваат во повеќе активности во локалната средина.

Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- **Разликата е предност, а не проблем**
- Интензивирање на посеопфатна поддршка на родителите и учениците за разрешување на појавени проблеми
- Поддршка на процесот за партнерство на училиштето со деловната заедница и бизнис секторот

6. Подрачје: Ресурси

Денес се наоѓаме во времето на информатичкото општество, вештачката интелигенција, високите образовни иновации и комуникации, а сето тоа неминовно ја наметна потребата од изградба на модерни и современи образовни системи во кои мора да има одговорна, адаптивна и иновативна внатрешна клима. Во училиштето постои постојан процес на инвестирање во човековите ресурси (според можностите), како главен фактор при реализација на наставниот процес воопшто. Овозможено е да се развиваат континуирано ефективни методи на учење и поучување кои се резултат на принципите на достапност, соодветност, активно учество, наглednост, систематичност, трајност на знаењата, практика и квалитет кој веќе постои во училиштето. Нашите наставници се едни од најактивните во учеството на разни семинари, обуки, симпозиуми и други збиднувања, било како слушатели, било како предавачи.

Училиштето има просторна уреденост со задоволувачки капацитети за реализација на наставата, со делумен број на наставни средства и помагала кои се користат за да се обезбеди повисок степен на знаења и постигања за учениците. Како единствен недостаток се провлекува непостоењето на адекватна спортска сала во училиштето заради што реализацијата на часовите по физичко и здравствено образование, изборен спорт и слободните ученички спортски активности е малку отежната во сала која не ги задоволува потребите.

Финансиското работење во училиштето се спроведува и контролира согласно Законот за сметководство, Законот за извршување на буџет и Законот за јавни набавки. Согласно со ова, финансиското работење на училиштето е на завидно ниво.

Оддели во рамките на подрачјето:

- **Сместување и просторни капацитети**
- **Наставни средства и материјали**
- **Обезбедување на потребниот наставен кадар**
- **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**
- **Финансиско работење во училиштето**

Собирање на податоци	
Годишана програма за работа на училиштето План за развој Записници Распоред на часови Извештаи Скица за распоред на простории по одделенија	**Сместување и просторни капацитети** Училишните простории во училиштето ги задоволуваат потребите за непречено изведување на наставата и воннаставните активности за учениците од I – V одд. и предметна настава. За сите вработени во училиштето има соодветен прилагоден училишен простор како канцеларии и други потребни простории. За успешно изведување на наставата од природната група предмети (биологија,хемија,физика)ликовно образование,техничко образование, информатика има прилагодени уцилници, кабинети, а за наставата по ФЗО се користи фискултурната сала (која не ги задоволува потребите на предметот и потребна е најбрза изградба на нова) и спортски терени во училишниот двор. За ефективно користење на современи аудио – визуелни наставни средства се користи посебна училница медиотека. Бидејќи во училиштето се реализира проширена програма - продолжен престој има опремено училница за изведување на наставни и воннаставни активности.

Документација за набавување на наставни помагала и стручни материјали Библиотека евиденција Самоевалвација на училиштето План за развој Годична програма за работа на училиштето Извештаи Библиотекар,книги за евиденција Финансиски план Записници од стручни активи	**Наставни средства и материјали** Училиштето располага со извесен фонд на стручна литература и мал дел на наставни средства и помагала од кои дел се оштетени и се вршат тековни поправки,а континуирано се набавува и стручна литература и делумно се врши набавка на потребни наставни средства и помагала според воочени потреби. За подобрување на квалитетот на наставниот процес училиштето е опремено со компјутери за учениците од I – V одд. и предметна настава,а наставниците ги користат стручните материјали добиени од обуките за примена на современи образовни технологии. Училишната библиотека располага со голем број на наслови (фонд од над 12 000 книги), од кои дел припаѓаат на лектири изданија, стручна литература и друга современа класична литература. За користењето на книгите се води соодветна евиденција.Учениците од двете смени ја користат библиотеката за соодветна намена. За потребите на наставните и воннаставните активности континуирано се обезбедува потрошен материјал.
Досиеја на наставници Правилник за систематизација на работни задачи Годишна програма за работа на училиштето Годишна програма на стручната служба Педагошки картон Евиденциони листи	**Обезбедување на потребниот наставен кадар** Следејќи ги барањата на нормативите во училиштето е обезбеден соодветен наставен кадар.Професионалниот развој на наставниот кадар,стручните соработници и директорот се одвива континуирано низ повеќе форми со цел да се подобрува квалитетниот аспект на наставата и учењето. Политиката на училиштето е вработување на високо образовани кадри (машки и женски, од различен пол) со повисоки квалификации и стручност во одезбедување на помош на колегите. За приправниците од програмата за менторство се изведуваат хоспитации и следење на работата. Директорот, стручната служба и стручните активи со нивните програми предвидуваат поддршка за професионален развој на наставниците со учество на семинари, работилници, предавања и нивна десеминација во училиштето.

Ученичко досие Дневник за бележење на активности	Во училиштето се води уредна документација за секој ученик од двата пола и различна етничка припадност. За непречено изведување на воспитно – образовниот процес во училиштето работи и административно – технички персонал. Заради ефективност на остварување на целите се подржува тимската работа и сработка на наставниот кадар. Во случај на отсуство од вработените навремено се врши соодветна замена. Стручната служба (педагог и психолог) работи според планирани активности за континуирано остварување и унапредување на воспитно – образовниот процес во соработка со сите активни чинители на тој процес.
План за професионален развој План и програма за менторство Анкети за професионален развој Листи од спроведени обуки План и програма за стручно усовршување на наставниот кадар План и програма за следење и унапредување на воспитно – образовната дејност на училиштето	**Следење на развојните потреби на наставниот кадар** Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на наставниот кадар,стручните соработници и директорот. Развива стратегии за објективна идентификација на потребите,развивање на програма за усовршување и континуирана дисеминација на знаењата на кадарот. Директорот, стручната служба и стручните активи со нивните програми предвидуваат поддршка за професионален развој на наставниците со учество на семинари, работилници, предавања и нивна десеминација во училиштето

Финансов план Развоен план Програма за работа на училиштето Записници и одлуки од УО Склучени договори Понуди Тендери за јавни набавки	**Финансиско работење во училиштето** Финансиското работење на училиштето е обезбедено преку работата на УО и директорот и со надзор на наставничкиот совет и инспекциските служби.Работата им е транспарентна и ги вклучува освен вработените и родителите преку советот, локалната заедница, преку нејзините два претставника и МОН. Финансирањето на училиштето е во најголем дел од МОН. Буџетот се презентира на УО како шест месечен и годишен извештај и завршна сметка и се усвојува од сите членови. За набавки од мала вредност комисијата распишува огласи и избира од најмалку три најповолни. Финансиските активности во училиштето се усогласуваат со законските барања. Се настојува да се развиваат механизми за наменско трошење на буџетските средства. Транспарентноста се почитува преку тековните информации и консултации на раководниот кадар со вработените,Улишниот одбор и Советот на росители. При планирањето на буџетските приоритети се настојува да се остваруваат цели за подобрување на квалитетот на целокупниот воспитно – образовен процес.

Собирање на податоци		
.Анализа на добиени сознанија Анкети	. Директор Педагог Психолог Наставници Родители Ученици	Од интервјуата со наставниците добиени се сознанија дека потребно е постојано создавање на стимулативна средина за учење на учениците им е поинтересна наставата кога во неа се користат наставни средства и дидактички помагала. Ги следат обуките за работа на компјутер и настојуваат постепено да ги применуваат во остварување на целите во наставниот процес. Повремено изготвуваат самостојно или со помош на учениците нагледни средства за да им станат појасни одредени делови наставното градиво на учениците.Тие ги воочуваат потребите и предлагаат мерки за подобрување на инфраструктурата на училиштето.Соработуваат со директорот,стручната служба и меѓусебно за унапредување на својот професионален развој и ги следат семинарите и обуките организирани од МОН и БРО.
Анкети Интервијуа Разговори	Наставници Стручни соработници Ученици	Учениците сакаат разновидни часови во кои тие би имале разновидни задолженија меѓу кои и помагање во подготовките на наставата преку изготвување на цртежи, скици, илустрации ,подготвување на природни материјали, помагање на наставникот при употребата на некои нагледни средства кои ги има во училиштето и сл. Учениците од обата пола и со различен успех мислат дека наставниците им овозможуваат на часовите да работат самостојно во рамките на нивните можности. Најголем дел од учениците од сите возрасти имаат дома компјутер кој им овозможува подобра меѓусебна комуникација, користење игри, интернет и сл.
. Анкети Интервјуа Разговори Мислење	Наставници Родители Стручни соработници	Преку изнесувањето на своите мислења на родителските среќавања како и средбите со претставниците на Советот за родители се изнесуваат ставови и мислења на родителите за подобрување на условите за изведување на настава во училиштето.Нивната подршка е присутна и при набавување на нагледни средства и помагала и инфраструктурни зафати преку проектни активности на училиштето. Поголемиот дел од нив мислат дека нивните деца за време на викенди и празници би можеле да имаат повеќе задолженија поврзани со наставниот процес. Тоа би им помогнало поефективно да го испланираат слободното време.

		На родителите им се важни информациите за начинот на планирање и распределување на финансиските средства за подобрување на условите за работа во училиштето.

1. Резултатите од спроведената анкетата за наставници се следни:

	1	2	3	4	5
1. Просторните услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар се пријатни.	**9%**	**9%**	**48%**	**29%**	**5%**
2. Големината на училниците, соодветствува со бројот на учениците во паралелките.	**24%**	**42%**	**10%**	**19%**	**5%**
3. Училиштето има работилници за практична обука на учениците.	**72%**	**9%**	**14%**	**5%**	**/**
4. Училишната зграда и простор се пристапни за сите.	**/**	**19%**	**33%**	**24%**	**24%**
5. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата.	**63%**	**9%**	**19%**	**9%**	**/**
6. Училиштето располага со спортска сала, која ги задоволува потребите за изведување на квалитетна настава по ФЗО.	**95%**	**/**	**/**	**5%**	**/**

2. Резултатите од спроведената анкетата за ученици се следни:

	1	2	3	4	5
1. Училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства што одговараат на современите наставни текови.	**14%**	**/**	**52%**	**10%**	**24%**
2. Училиштето располага со соодветни нагледни средства и помагала за учениците со посебни образовни потреби.	**14%**	**10%**	**10%**	**43%**	**23%**
3. Наставата и учењето се збогатени со планирано користење на ИКТ.	**5%**	**19%**	**33%**	**38%**	**5%**
4. Работното време на библиотеката овозможува учениците да ја користат во текот на целиот училишен ден.	**43%**	**43%**	**14%**	**/**	**/**
5. Училишната библиотека располага со литература на јазиците што се изучуваат во училиштето, вклучувајќи и литература за мултикултура и екологија.	**/**	**/**	**6%**	**20%**	**74%**
6. Училиштето навреме обезбедува потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.	**19%**	**19%**	**29%**	**19%**	**14%**
7. Учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагањеи ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето.	**/**	**19%**	**33%**	**24%**	**24%**
8. Училиштето ги утврдува потребите за наставните средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите континуирано ги обновува.	**5%**	**5%**	**24%**	**28%**	**38%**
9. Библиотечниот фонд редовно се надополнува со нови лектирни изданија.	**/**	**14%**	**29%**	**38%**	**19%**

10. Училишната сала располага со сите средства за правилно изведување на настават по ФЗО.	**100%**	***/***	***/***	***/***	***/***

Резултати:
Клучни јаки страни: ➢ Опременост со компјутери за наставата ➢ Подобрување на условите за активна настава во училиштето ➢ Обученост на наставниците за примена на современа технологија во наставата ➢ Креирање на транспарентната политика за финансиско работење во училиштето
Слабости: ➢ Недоволна опременост со нагледни средства според образовните стандарди за наставните предмети по извршители ➢ Потреба од изградба на спортска сала ➢ Реконструкција на дел од училишниот кров

Училиштето брои 22 училници, кои се просторни и прозрачни и главно одговараат на нормативите за училишниот простор.
Во училиштето се изведува кабинетска настава.

Библиотеката е на адекватно, просторно место, располага со над 12000 книги, кои се водат електронски.

Во училиштето постои сала за физичко образование, која не ги задоволува потребите на учениците и наставата по физичко и здравствено образование се реализира во адаптирани услови – несоодветни услови.

Училиштето располага и со 5 канцеларии.

Исто така, постои и дневен престој т.е. специјализирана училница, адаптирана според стандардите за дневен престој со забавни и едукативни содржини во согласност со програмата.

Наставата ја изведуваат вкупно 60 наставници од кои 56 наставници се со високо образование и 3 наставници се со виша школа или со 6-1 степен на стручно образование. Наставниците се преку 60% од женски пол.

Нашето училиште е со максимална искористеност на човечките и просторните ресурси.
Тоа е старо и дотраено и бара поопфатни градежни санации – на дел од кровот и изградба на нова спортска сала.

Успехот на учениците е многу добар и имаат примерно поведение од двата пола и различен етникум.

Успешно работат Советот на родители и Училишниот одбор на училиштето.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Подобрување осветлувањето во училиштето
- **Оплеменување на училишниот двор**
- Поддршка на наставниот кадар за иновативна наставна практика

7. Подрајче : Раководство и креирање на политика

Оддели во рамките на подрачјето:

- **Управување, раководење со училиштето**
- **Цели и креирање на училишната политика**

Собирање на податоци :

Наведете ги сите документи кои се прегледани.	**Кои информации се собрани?**
Статут на училиштето Деловник за работата на УО Записници Одлуки Извештаи Прирачник за УО за основни и средни училишта	**УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО** Орган на управување е Училишниот Одбор чии состав е усогласен со барањата на Законот за основно образование и брои 9 членови. Почитувајќи ги насоките за транспарентно информирање и одлучување членовите од УО континуирано ги следеа обуките за стручно усовршување на работата на УО. Почитувајќи ги законските барања УО се ангажираше да биде активен во повејќе области: визија за училиштето, избор на куќен персонал, финансиски надзор, следење на квалитетот и оценувањето на благосостојбата на учениците, унапредување на односите со централната и локалната власт. Сите надлежности и административни задачи на Училишниот одбор се во согласност со законските правила и прописи. Редовно се одржуваат состаноци на овие структури и тоа во согласност со потребите кои се тесно поврзани со активностите во училиштето. За присуството се грижат Претседателот на УО и Директорот. Сите донесени одлуки, решенија и акти се со јасен консензус и за нив гаранција е потребниот кворум за работа. Сите субјекти во училиштето целосно и редовно се известени за работата на овие структури, а донесените решенија , одлуки и акти доследно се спроведуваат.

Програма за работа на директорот Програма за професионален развој на директорот Инструменти за следење на наставно образовниот процес Самоевалуација План за развој на училиштето Записници од стручни активи Записници од ученичка заедница Записници од состаноци на совет на родители	Со училиштето раководи директорот чија приоритетна задача е да се постигнат високи резултати во учењето од страна на учениците. Оваа сложена задача директорот ја реализира со помош и соработка со другите фактори во училиштето и надвор од него при што се потенцираат барањата за висок професионализам во реализирањето на поставените цели. Директорот промовира тимска работа, ги поддржува успешните наставници и ги промовира индивидуалните и заедничките резултати и постигнувања низ најразлични форми и медиуми. Неговите залагања за континуирано подобрување на квалитетот на сите сегменти во училиштето ги мотивираат вработените на систематски залагања за постигнување на високи резултати во целокупниот воспитно-образовен процес. Преку вклучување во процесот на самоевалуација на наставниците, стручните соработници, родителите и учениците. Директорот на училиштето изготвува развоен план за училиштето. Исто така Директорот заедно со стручните соработници и наставниците, изработуваат Годишна програма за работа на училиштето. Се издвојуваат и приоритети во развојното планирање кои се прифатени, а со тоа и поддржани од наставниците како важни за подобрување на квалитетот на работата на училиштето. Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку активностите на стручните активи . Придонес во раководењето има и Советот на родители на чии состаноци се рагледуваат и разменуваат информации и иницијативи за успешно реализирање на основната дејност на училиштето. Ученичката заедница составена од претставници на учениците од сите паралелки редовно одржува состаноци на кои се изнесуваат мислења, идеи и иницијативи за подобрување на квалитетот во образовно воспитниот процес, а воедно преку членовите на УЗ редовно се известуваат на директен начин и останатите ученици за превземените активности.
Годишна програма за работата на училиштето Самоевалуација Развоен план Акциони планови Анкети	**ЦЕЛИ И КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА** Приоритетните цели на училиштето се во согласност со целите на основното образование, соодветни законски и нормативни акти и концептот за деветолетка. Во училиштето прифатен е ставот дека секое дете може да научи и дека детето не треба да изгради негативна слика за себе, залагањата на сите вработени се во правец на поддржување на учењето на сите ученици.

Интервјуа Записници	Отвореноста на училиштето за комуникација придонесува во севкупните залагања за реализирање на целите да се вклучуваат и повеќе релевантни субјекти во и надвор од него. Заради успешност во креирањето на педагошкото водство оттаму и успешно работење на училиштето главните насоки во комуникацијата со вработените се определени од целите кои треба да се рализираат. Во училиштето е воспоставена организациска клима на сите нивоа при планирани активности со Годишната програма за работа на училиштето, така што и соработката соодвестува на потребата за успешно реализирање на тие планирања (состаноци, стручни консултации, информативни консултации, педагошки инструктивни средби и сл.) Честопати соработката за размена на идеи и разрешавање на проблеми се остварува низ постојани неформални консултации со наставниците со што се создава релаксирана организирана клима за работа, а со тоа пречките во комуникацијата се намалуваат и проблемите полесно се воочуваат и решаваат. Се иницира партиципирање и поддршка од вработените и поширокатa заедница при што се бараат креативни и иновативни решенија за надминување на проблемите и усовршување на работата на училиштето. При определувањето на стратегиите за остварување на целите се земаат во предвид и мислењата на родителите и учениците преку соодветни комуникации со соодветни органи и тела.
Самоевалуација Развоен план Акциони планови План за следење и евалуација на реализација на Акциони планови Записници од училишен одбор и наставнички совети	**РАЗВОЈНО ПЛАНИРАЊЕ** Целите на ангажирањето во училиштето се усмерени кон изградување на ефективно училиште за предизвици и промени во кое време ќе се достигнуваат високи образовни стандарди, ќе се употребува современа информациска и комуникациска технологија, ќе се унапредува истражувањето и ќе се засилуваат креативната и иновацискатa активност. Преку унапредувањето на воспитната компонента ќе се унапредуваат активностите за креативен мисловен процес на ученикот како творец на сопствената иднина и како иднина на општеството во кое што живее. За успешна реализација на овие цели се почитуваат ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.

План за професионален развој Записници Стручни материјали Финансиски план	**ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ** Во училиштето на повеќе начини се добиваат информации за потребите на наставниците за континуиран професионален развој се цел да се подобрубва наставата и учењето на учениците. Притоа активни се залагањата за инклузија на децата со посебни образовни потреби и овозможување на обуки на настваниците и стручните соработници за поддршка на овие деца во наствно-воспитниот процес. Наставниците ги следат обуки од МОН и БРО, а училиштето активно се вклучува во проектни активности или други иницијативи за да овозможи обука на наставниците за подобрување на квалитетот на наставната работа. Преку заеднички прифатена стратегија се самооценуваат и оценуваат резултатите од примената на сознанијата од обуките. Наставниците ги изнесуваат потребите за нагледни средства преку Стручните активи, самостојно и во текот на учебната година. Во училиштето наставниците се поддржуваат професионално да се усовршуваат за унапредување на наставно-воспитниот процес. Стручно усовршување се врши на интерен и екстере начин: Интерен начин: - идивидуално следење на стручни материјали - разменување на искуства со колеги - внесување на нови форми и методи на работа - Учество со свои дискусии заради развивање на позитивни ставови за зголемување на ефикасноста и ефективноста на наставата и учењето и сл. Екстерен начин: - размена и користење на искуства со колеги од други училишта - посета на семинари, обуки, советувања, наменски посети и сл.
Пописни листи Апликации за обезбедување на финансиски средства	Потребите од материјално-технички средства за наставата се идентификуваат и тековно се набавуваат потребни наставни средства и помагала, а се настојува оштетувањата кои се настанати навремено да се отстрануваат.
Писма за поддршка Апликации за проектни донации	Континуирани се залагањата за соработка на училиштето со поширокатa општетсвена заедница заради осовременување инфраструктуните работи.

Собирање на податоци :		
-Набљудувања; -Разговор; - Интервју со директорот на училиштето	-Педагогот на училиштето ; -Наставници од одделенска настава; -Наставници од предметна настава .	Од сознанија добиени од набљудувања и разговори со наставници добиени се сознанија дека обуките им помагаат да ги унапредат своите професионални карактеристики; на наставниците им се допаѓа можноста да ги изнесуваат своите предлози, мислења и залагањата тие да бидат реализирани; би сакале да се унапредува начинот на информирање од поголем број прашања поврзани со работата на УО; наставниците мислат дека заедничките одлуки помагаат да се унапредува работата во училиштето; тимската работа ги развива кооперативните и комуникациските вештини; им се допаѓа тоа што директорот, УО и Советот на родители изнесуваат усогласени ставови по повеќе прашања кои го унапредувааат воспитно-образовниот процес. При спроведувањето на интервјуто со директорот, на прашањето: “ Кој е одговорен за годишното планирање и дали постојат активности за долгорочно планирање во училиштето?“ директорот одговори дека годишното планирање редовно се изготвува.Одговорен за изготвување на годишната програма за работа на училиштето е директорот, а во истата земаат учество стручните соработници, одговорните наставници на стручните активи, училишните организации и др.Посебен акцент се става на планирањето на активностите од компонентите на новите проекти и изготвување на акциони планови за истите. Изработен е развоен план кој во најголем дел е реализиран . Се изработуваат долгорочни и годишни планови и програми за потребните инфраструктурни зафати во училиштето, како и програми за соработка со локалната средина.
-Набљудувања; -Разговор.	-Педагогот на училиштето; -Одделенски раководители ; -Наставници од одделенска настава ; -Ученици .	Од повеќето разговори спроведени кај родители сознанијата укажуваат на тоа дека: родителите се задоволни од информирањето за постигнувањата на училиштето; имаат можност да бидат активни чинители во училишниот живот; подготвени се да поддржуваат активности на училиштето за подобрување на условите за учење и настава. Мислат дека постојаното информирање за постигањата ќе придонесува за развивање на заинтересираноста за вклучување во поддршка на проекти на училиштето. Задоволни се од информирањето за различни прашања кои ги помагаат развојот и напредувањето на нивното дете.
-Разговори; -Набљудувања.	-Педагогот на училиштето;	Од податоците добиени од разговори со учениците од училиштето кои ги водеа наставниците вклучени во активностите кои се спроведуваа за ова

	-Одделенските раководители; -Наставниците од одделенска настава.	подрачје, се дојде до сознание дека се задоволни кога имаат можност да предлагаат активности за подобро учење и однесување во училиштето. Сакаат да соработуваат за разновидни активности за промовирање на училиштето. Најголем дел од учениците почитуваат правилата кои ги донесуваат заедно во училницата и училиштето. Во соработка со наставниците ги избираат ученичките претставници од паралелките за различни подрачја. Претседателот на паралелката – одделението, го избираат учениците со гласање спроведено на одделенски час. Сите ученици даваат предлози за претседател на одделението и со аргументи го поткрепуваат својот предлог, односно ги промовираат неговите организаторски способности и позитивни постигања во успехот и примерно однесување. Претседателот треба најодговорно да ги извршува превземените обврски, да го почитува мислењето на соучениците и заедно со одделенскиот раководител да се грижат, да разговараат со учениците и да доаѓаат до заеднички решенија за одредени проблеми во одделението. Претседателот на паралелката какои и одделенскиот раководител на паралелката треба да соработуваат со наставниците, падагогот, психологот и директорот на училиштето во врска со проблемите, предлозите, активностите и соживотот во одделението.

Резултати:
Клучни јаки страни: ➢ УО и раководниот орган имаат активна соработка ➢ Во раководењето се почитуваат менаџерските вештини ➢ Се унапредува транспарентноста во работата и информирањето ➢ Наставниците го поддржуваат процесот на овозможување услови за унапредување на квалитетот на работата

- Наставниоците сакаат професионално да се усовршуваат
- Раководниот орган ги поддржува и унапредува успешните наставни практики
- Соработка со локална заедница
- Афирмација на воннаставни ученички активности, постигања на учениците и промовирање на училиштето

Слаби страни:

- Потреба од усовршување на методолошкиот пристап за евалвација на поставените цели на работата на учишиштето.
- Потреба од зголемување на мотивацијата и интересот на родителите и локалната заедница за поголема меѓусебна соработка.

Анализа на резултатите:

Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје

Управувањето со училиштето се врши со почитување на ингиренциите и со активности во повеќе сегменти. Управувањето и раководењето взаемно се поддржуваат и унапредуваат со заедничка цел да се подобри квалитетот на работењето за да се постигнуваат високи резултати во реализација на наставата и учењето. Во согледувањето на успешноста од работењето учествуваат сите релевнтни субјекти (наствници, стручна служба, родители, ученици, локална средина)
Раководењето на училиштето се потпира на тимски залагања, отвореност и комуникација, поддршка, професионализам во работењето, афирмирање и промовирање на постигањата.
Професионалниот развој на наставниците е многу важен за унапредување на работата во воспитно-образовниот процес. Наставниците ги прифаќаат и активно се вклучуваат во процес на професионално усовршување. ПОстојат повече можности з изнесување на наставни потреби за порофесионален развој. Во училиштето постојано се пораваат расипании нагледни средства и се настојува да се набавуваат нови.
Училиштето има континуирани иницијативи во побарување на општествени средства за инфраструктурни подобрувања.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Потреба за збогатување на форми за промовирање на постигањата
- Потреба за зголемување на вклучувањата на родителите во давање иницијативи
- Потреба за унапредување на интерактивниот приод со општествената средина